Република Северна Македонија
Министерство за образование и наука
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Arsimit dhe Shkencës

# КОМИСИЈА ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ПРИ МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА (МОН)



## ПЕРЦЕПЦИИ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО (МИО)

Повеќе од **7.900 испитаници од вкупно 103 основни и 30 средни училишта** беа дел од спроведеното истражување на Комисијата за меѓуетничка интеграција во образованието при МОН.

**75,6% од училишните раководства и стручните соработници** искажуваат позитивни перцепции и ставови за влијанието на реализираните активности за меѓуетничка интеграција во насока на зајакнување на меѓуетничката кохезија во образованието.

## АКТИВНОСТИ ЗА МИО ВО УЧЕБНАТА 2018/19 ГОДИНА

Мерењата согласно планот за мерење на постигањата (ПМП) се направени преку испраќање на прашалник до сите основни и средни училишта

**328 основни и средни училишта во нашата земја** доставиле податоци за определување на постигањата според утврдените индикатори за меѓуетничка интеграција.

**Повеќе од 22.700 ученици** учествувале барем во една заедничка воннаставна активност за меѓуетничка интеграција во образованието со ученици кои учат на различен наставен јазик, во рамките на училиштето или со партнер училиште.

**Најчесто се реализирани следните видови воннаставни заеднички активности:** спортски активности, заеднички ученички секции, излети, екскурзии, посети, настани, приредби и прослави, еколошки и хуманитарни акции, мултикултурни работилници и младински активизам.

**Повеќе од 11.700 ученици од основното образание и повеќе од 1.800 ученици од средното образование** учествувале во заеднички активности во рамки на редовните часови со ученици од различни наставни јазици, предводени од наставници соодветно на наставниот јазик.

**Заедничките наставни активности во редовната настава претежно се реализираат по наставните предмети:** странски јазици, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование/спорт и спортски активности, предмети во кои се учи за информатичката технологија, практична настава и други.

Во **87% од основните училишта со настава на повеќе наставни јазици,** училишните одбори се со мешан етнички состав. Во средните училишта **сите училишни одбори во училиштата со повеќе наставни јазици** се со мешан етнички состав.

## Идни чекори за унапредување на меѓуетничката интеграција во образованието

- **Да се продлабочи соработката на МОН со локалната самоуправа и Државниот просветен инспекторат** со цел да се зголеми бројот на училишта кои што ќе достават податоци за реализирани активности за меѓуетничка интеграција во образованието и изготвување на локални стратегии за меѓуетничка интеграција во образованието;
- **Да се реализираат обуки за наставниците и стручните соработници** кои не се обучени за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието;
- **Да се продолжи со зајакнување на капацитетите на институциите на централно ниво**, преку воспоставен систем на континуирани обуки.